Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 28 јуни 2024 година

Скопје, јуни 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 јуни 2024 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и досегашниот генерален секретар, м-р Методија Димовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

1. Определување на заменици на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

2. Предлог за именување на претседатели и членови на основните комисии на Владата на Република Северна Македонија

3. Предлог за именување на претседатели и членови на посебните комисии на Владата на Република Северна Македонија

4. Предлог за разрешување и именување на генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

5. Известување за именување на шеф и заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

6. Предлог - решение за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

9. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс 5 кон Договорот солемизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем, склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со прилози и предлог – одлуки

10. Информација за поништување на Одлуката бр.41-4119/2 од 9.4.2024 година за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Меѓународниот универзитет - Струга, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со настанатите штети на објектот на Национална установа Драмски театар - Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година

12. Информација за статусот на подготовка на реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилози (статус 26.6.2024 година)

13. Предлог - уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

14. Информација за корекција на проценета вредност во Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за Изведување на градежни работи за доградба на постоечки објект „Кокиче“ во Општина Карбинци, с. Таринци

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија од редот на избраните министри ги определи:

- м-р Изет Меџити, министер за животна средина и просторно планирање, за прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Александар Николоски, министер за транспорт, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Љупчо Димовски, министер без ресор, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем;
- Иван Стоилковиќ, министер за односи меѓу заедниците, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и
- Арбен Фетаи, министер без ресор, за заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

Истовремено, го определи д-р Шабан Салиу, за министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

**Точка 2**

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги именува:

а) за претседател:
- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

б) за членови:
- м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање,
- д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии,
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд,
- м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Зоран Љутков, министер за култура и туризам и
- Борко Ристовски, министер за спорт.

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за политички систем ги именува:

а) за претседател:
- м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање.

б) за членови:
- Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем,
- Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците,
- Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,
- Владо Мисајловски, министер за одбрана,
- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,
- Игор Филков, министер за правда,
- д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија,
- м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии,
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и
- Горан Минчев, министер за јавна администрација.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој ги именува:

а) за претседател:
- Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

б) за членови:
- Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии,
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд,
- д-р Арбен Таравари, министер за здравство,
- д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука,
- Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади,
- Зоран Љутков, министер за култура и туризам,
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,
- Борко Ристовски, министер за спорт и
- д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

**Точка 3**

1. Владата за претседател и членови на Комисијата за именување ги именува:

а) за претседател:
- Владо Мисајловски, министер за одбрана.

б) за членови:
- м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање,
- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии,
- д-р Арбен Таравари, министер за здравство и
- Горан Минчев, министер за јавна администрација.

2. Владата за претседател и членови на Комисијата за станбени прашања ги именува:

а) за претседател:
- Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

б) за членови:
- Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади,
- м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа,
- Зоран Љутков, министер за култура и туризам и
- д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

3. Владата за претседател и членови на Комисијата за приватизација ги именува:

а) за претседател
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд.

б) за членови:
- Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,
- Игор Филков, министер за правда,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

## Точка 4

Владата заклучи:

1. Го разреши м-р Методија Димовски од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

2. Го именува Игор Јанушев за генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 5

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски ги информираше членовите на Владата дека донесе решение за именување на:

- Владимир Нелоски за шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и

- Сашо Павлоски за заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 6

Владата го разгледа Предлог - решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, го донесе Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи и го определи Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, за раководител на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи.

Истовремено, Владата заклучи на седниците на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, да биде повикуван и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

## Точка 7

Владата заклучи:

1. Владата ја разреши м-р Магдалена Несторовска, од должноста државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

1.1 Владата го именува Сашо Петрушевски, за државен секретар во Министерството за внатрешни работи, на предлог на министерот за внатрешни работи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и му утврди зголемување за 20% на платата утврдена за извршување на функцијата.

2. Владата го разреши Сашо Тасевски, од должноста директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

2.1 Владата го именува Александар Јанев, за директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи, на предлог на министерот за внатрешни работи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Стефан Богоев, од должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

3.1 Владата го именува Бобан Николовски, за вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Муарем Асани, од должноста заменик - директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии.

5. Владата ја именува Елена Петрова, за вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Мевлудин Синани, од должноста вршител на должноста заменик - директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии.

7. Владата го именува Ивица Томовски, за директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, ги разреши:

- Софија Ристова од член,
- Валентина Ивановска од член,
- Касам Демири од член,
- Ангел Јованов од член,
- Верица Оџакова од член,
- Мите Петровски од вршител на должноста член и
- Митко Ацевски од вршител на должноста член.

8.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, ги именува:

- Јован Симевски,
- Александар Маџаров,
- Голубина Арсовска,
- Роберто Тошевски,
- Небојша Захариески,
- Сашо Мојсовски и
- Елена Стојкоска.

9. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, ги разреши:
- Блажена Пејовска од член,
- Александар Петрески од член,
- Емил Николовски од член,
- Благојче Стојчески од член,
- Зоран Исајловски од член,
- Сали Бела од вршител на должноста член и
- Вулнет Цељиљи од вршител на должноста член.

9.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, ги именува:

- Димитар Манчев,
- Томе Стојанов,
- Јован Трпевски,
- д-р Стефан Волкановски,
- Ристо Николоски,
- Дарко Спироски и
- Наташа Јовановска.

10. Владата на м-р Методија Димовски, разрешен од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, му утврди право да остварува плата по престанување на функцијата, за време од 12 месеци, сметано од 28.6.2024 година до 27.6.2025 година.

11. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје да го разреши Зоран Трифуновски од должноста директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, а за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје да го избере Синиша Ивановски.

12. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта да го разреши Ејуп Рустеми од должноста директор на Јавното претпријатие за државни патишта, а за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за државни патишта да го избере Коце Трајановски.

<u>Точка 8</u>

**1.** Владата заклучи согласно досегашната воспоставена пракса, редовните седници на основните комисии на Владата (Комисијата за економски систем и тековна економска политика, Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој), да се одржуваат секој петок или најдоцна во понеделник, во термин што ќе го определат претседателите на комисиите, а редовните седници на Генералниот колегиум на државните секретари да се одржуваат секој

понеделник или најдоцна до среда во тековната недела, во термин што дополнително ќе биде утврден од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од запирање на постапки за вработување и унапредување по издадени согласности од Министерството за финансии за 2024 година, издадени до 14.2.2024 година и замрзнување на тие согласности и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор и трговските друштва во државна сопственост да ги запрат постапките за вработување на неопределено време и унапредување, врз основа на издадени позитивни известувања за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за 2024 година во периодот до 14.2.2024 година, а кои се започнати на и по 24.6.2024 година.

2) Се задолжуваат работодавачите од јавниот сектор и трговските друштва во државна сопственост да не спроведуваат постапки за вработување на неопределено време и постапки за унапредување, врз основа на издадени позитивни известувања од Министерството за финансии за обезбедени средства за 2024 година, во периодот до 14.2.2024 година.

**3.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија го назначи Игор Филков, министер за правда, како член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

**4.** Владата заклучи му препорача на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој да ги запре сите тековни/активни огласи во Фондот за иновации и технолошки развој и да не носи одлуки за избор.

**5.** Владата на предлог на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со јавната набавка за лабораториски испитувања за здравствена заштита на животните во 2024 година, како услов за добивање на директни плаќања или субвенции од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и висината на производната и откупната цена на пченицата за реколта 2024 година, го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за седницата на Владата, што ќе се одржи на 5 јули 2024 година (петок), да достави информации за истото.

**6.** Владата во врска со временските непогоди (дожд и град) што во изминатиот период го зафатија Полошкиот и Скопскиот Регион, го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на наредната седница да ја информира Владата, согласно Законот за управување со кризи, за крајните законски рокови согласно кои општините треба да ги утврдат настанатите штети и до Владата да доставаат предлози за нивно обесштетување.

**7.** Владата го овласти Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, да ги потпишува актите и да ги врши работите од делокругот на надлежностите кои се однесуваат на правата и должностите од областа на работните односи за членовите на Владата на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го определи Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем за претставник на Владата од редот на министрите којшто ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија проф. д-р Христијан Мицкоски укажа на потребата во најкус можен рок, да се назначат државни секретари во сите министерства (освен во Министерството за внатрешни работи бидејќи именувањето државен секретар во тоа министерство е во надлежност на Владата на Република Северна Македонија) со цел ефикасно, оперативно и ефективно извршување на функциите на Владата.

**10.** Владата го донесе Решението за назначување на национален ИПА координатор (НИПАК) за управување со претпристапните фондови ИПА, ИПА II и ИПА III од Европската Унија за Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс 5 кон Договорот солемизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем, склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со прилози и предлог – одлуки, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на Одлуката бр.41-4119/2 од 9.4.2024 година за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Меѓународниот универзитет Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Меѓународниот универзитет во Струга, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата во врска со настанатите штети на објектот на Национална установа Драмски театар - Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година, ја усвои и го задолжи Министерството за култура и туризам во соработка со Националната установа Драмски театар - Скопје да ги разгледа можностите за надминување на актуелната состојба на објектот, а со цел за непречено функционирање во објектот и во рок од две недели да достави Информација до Владата со конкретни предлози.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со прилози (статус 26.6.2024 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерот за европски прашања и министерот за финансии, најдоцна до 5.7.2024 година, да организираат координативен состанок со ресорните министри за да се дефинираат финални позиции за отворените чекори и истите да ги презентираат пред Европската комисија/Делегацијата на Европската Унија, пред нивното усвојување од страна на Владата.

2. Се задолжуваат министерот за европски прашања и министерот за финансии да ги координираат ресорните министри во насока на финализирање на наративниот дел, листата на инвестициски проекти и ексел табелите, земајќи ги предвид коментарите од Групата за контрола на квалитет на Европската комисија, со цел финалната верзија на Нацрт реформската агенда со сите прилози да се усвои на следната седница на Владата.

Истовремено, Владата ги задолжи ресорните министерства, најдоцна до 4 јули 2024 година, да направат анализа и да ги потврдат досега прифатените забелешки, кои се поврзани со Планот за раст за земјите од Западен Балкан, а на седницата на Владата која ќе се одржи на 5 јули 2024 година, повторно да се дискутира на оваа тема.

## Точка 13

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за корекција на проценета вредност во Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за Изведување на градежни работи за доградба на постоечки објект „Кокиче“ во Општина Карбинци, с. Таринци и ја усвои со следните заклучоци:

1.Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2024 година од буџетот на Министерството за труд и социјална политика и 2025 година од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади за Изведување на градежни работи за доградба на постоечки објект „Кокиче“ во Општина Карбинци, с. Таринци со планирана динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари без вклучен ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна - ставка 481 за 2024 година и

- 1.810.930,00 денари без вклучен ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна - ставка 481 за 2025 година.

2.Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:55 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |